Република Северна Македонија,
Јавна Општинска установа -
Локален Виниски Музеј за регионот Тиквеш
Бр. 04-111/1
18. 01 2024 год.
КАВАДАРЦИ

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Архивски знак. 0102
Рок на чување. Трајно
20. 03 2024 год.

ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш - Кавадарци



ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
/Наративен и Финансиски /

За Работата на ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш – Кавадарци за 2023 година

КАВАДАРЦИ 2023 ГОДИНА



Општ Дел

ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш- Кавадарци претставува специјализиран регионален музеј , прв од ваков тип во нашата држава.

Оваа Локална Културна институција во делот на заштитата на културното наследство во делот на Винарството и Лозарството има за цел да ја развива музејската дејност и културниот менаџмент во делот на презентацијата на културно-историското наследство во Тиквешкиот Регион.

Музејот на виното е непрофитна организација од областа на културата во Општина Кавадарци која има за цел да води културна грижа и културна едукација на сите посетители за едукација и запознавање со културните вредности што овој музеј ги поседува во делот на лозарството и винарството.

Имајќи ги во предвид зацртаните цели и инструменти за нејзино достигнување во Програмата за за Работа и Развој за периодот 2020 – 2024 се истакнуваат приоритетите кои што Локалната заедница треба да ги имплементира во развојот на музејската дејност. **ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш-Кавадарци** е институционален носител на целокупната музејска дејност во делот на винарството во цел регион на Винските Патишта и има за обврска да ја брши и развива музејската дејност во делот на заштитата на културното наследство.

Во исполнувањето на Годишната Програма за 2023 година, ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци ги следеше стратешките принципи кои произлегувааат од Програмата за развој на музејската дејност во Општина Кавадарци.

Имајќи ги во предвид историските факти кои биле процес во овој регион , оваа институција која го обединува цел Тиквешки Регион е носител на децентрализираниот модел на управување на богатото културно наследство за управување на културата и културното наследство.

Виниски Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци е институнационален носител на целокупната музејска дејност во делот на винарството и лозарството во цел Регион на Винските Патишта.

ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш – Кавадарци, како Локална културна институција ја има една од главните цели и задачи што се основни за секој музеј и тоа : истражување, собирање, стручна и научна обработка на музејскиот фонд, негова заштита, презентација и објавување. Својата дејност музејот ја врши и преку организирање, односно презентирање на музејските предмети и материјал во изложби со постојан и времен карактер.

Непречено беа реализирани предвидените програмски активности од локален карактер, но и активности кои програмски не беа предвидени а се реализираа во соработка со други институции, здруженија на граѓани , фондации.

Се реализираа научно истражувачки проекти, изложби, проекти од издавачка дејност, капитални проекти.

Во ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци вработени се 7 извршители во сите три објекти и тоа:

- Во Музејот на неопределено време ангажирани се двајца извршители (друг виш соработник во ЗКН и работник за прием на посетители)
- Во Винотеката на определено време се ангажирани двајца извршители на работно место (продавачи на вино)
- Во Туристичко -Информативно биро ангажирани се 3 извршители преку Агенција за привремени Вработувања.

Во 2023 година година Музејот го реализираше и Проектот за Ваташа во соработка со Општина Кавадарци како инвеститор . Имено станува збор за реализација на проектот одбележување на 80 години од стрелањето на 12 те деца од Ваташа – поставување на 12 бисти во нивна чест и Спомен соба. Музејот издаде и специјални издание во нивна чест МЕМОАРИ.

Во 2023 година реализиравме голем број на настани во соработка со Градоначалникот и Локалната самоуправа (Кавадаречко културно лето 2023 година, Тиквешки Гроздобер 2023 , Нова Година 2023) со Општинските основни и средни училишта, невладини организации и здруженија на граѓани како и сродни институции од нашиот град како Дом на култура "Иван Мазов –Климе", Музичкото училиште "Лазо Мицев Рале" и други институции.

Вински Музеј беше отворен и за голем број на истражувачи, студенти и ученици на кои им помогнавме во изнаоѓање на материјали за
нивните научно-истражувачки проекти, магистерски, дипломски и семинарски работи.

За работата на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш беше запознаена и пошироката јавност во нашата држава преку бројни написи во дневните весници "Дневник", "Нова Македонија", "Кавадаречки Информатор",емисии на националните и локални ТВ станици, (Миа. Канал 5, Курир,) а исто така на социјалните мрежи и портали.

https://nezavisen.mk/vo-vinski-muzej-kavadarci-dvanaeset-iljadi-posetiteli-za-tri-godini/
https://mia.mk/en/story/%D0%B1%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D1%83-11-%D0%B8%D0%BB%D1%98%D0%B0%D0%B4%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D1%81%D0%B5%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%BB%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BC%D1%83%D0%B7%D0%B5%D1%98-%D0%BA%D0%B0%D0%B2%D0%B0%D0%B4%D0%B0%D1%80%D1%86%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D1%82%D1%80%D0%B8-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B8%C2%A0UN6
https://www.brif.mk/prednovogodishen-vinski-bazar-vo-kavadarechkiot-vinski-muzej/
https://www.youtube.com/watch?v=HQc4l1g8Sok
https://macedonia-timeless.com/mac/aktivnosti/setila/dopir/kulturaistorija/muzei/lokalen-vinski-muzej-region-tikves-kavadarci
https://www.youtube.com/watch?v=-puqkcr91tY
https://zoom.mk/eksperti-za-vino-od-pove%D1%9Ce-drzhavi-go-poseti%D1%98a-vinski-muze%D1%98-vo-kavadarczi/

https://lider.mk/tikveshka-rakijada-2023-vo-vinski-muzej-vo-kavadarci/

https://opserver.mk/makedonija/opstini/vo-vinski-muzej-kavadarci-se-odrzha-gurmanski-vikend/

https://www.vesti.mk/article/6570c807c7fafdbd4e41ef35

https://radar.mk/?p=47938

https://mia.mk/en/story/%D0%B4%D0%B5%D0%B3%D1%83%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B8-%D0%BE%D1%86%D0%B5%D0%BD%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BC%D1%83%D0%B7%D0%B5%D1%98-%D0%BA%D0%B0%D0%B2%D0%B0%D0%B4%D0%B0%D1%80%D1%86%D0%B8%C2%A0BCn

https://biznisvesti.mk/vinskiot-muzej-od-kavadartsi-ke-go-odbelezhi-sveti-trifun/

https://www.vecer.press/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%BC%D0%BE%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D1%82%D1%83%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC/

https://www.vecer.press/%D0%BF%D0%BE%D1%87%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BE-%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B0-%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%BA%D0%B0%D0%B2%D0%B0%D0%B4%D0%B0%D1%80/

Реализирани настани во Вински Музеј за регион Тиквеш- Кавадарциза 2023 година

Вински Музеј во 2023 има организирано и бил домаќин на повеќе од 25 настани а во рок од оваа една година Музејот го имаат посетено околу 4000 посетители од Македонија и од странство(Бугарија, Србија, Данска,Полска,Холандија,Словенија,Хрватска,Италија....)

05. 02.2023- Меѓународно оценување на вино и ракија во организација на

Здружението Винотек. Десустатори беа врвни оценувачи ;професори на Земјоделски факултет Скопје,еполог од ВВ Тиквеш,и други познати еполози од земјата.Се дегустираа 130 мостри кои присигнаа на натпреварот кој ова година е интернационален со учество на вина од други земји.



14.02.2023 – Беше одбележан празникот **Св Трифун** во Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци со богата програма, како и промоција на новата web страна www.vinski-muzej.com . Настанот е дел од Програмата за работа на Музејот за 2023 година, подржан од Градоначалник и Совет на Општина Кавадарци.





21.03.2023 – По повод денот на Пролетта во Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци беа заседени чемпреси како дел од Еколошката акција која се реализира во соработка со СОЗШУ Ѓорче Петров од Кавадарци.Под мотото " Ние се грижиме за нашата Природа,, целта ни беше да ја подигнеме еколошката свест како и да дадеме скромен допринос во озеленувањето и подобрувањето на квалитет на секојдневното живеење.



28.04.2023 - Делегација експерти од Германија заедно со претставници од Локалната Самоуправа преку Програмата "ЕУ за општините" го посетија Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци и се запознаа со богатото културно наследство во делот.на Винската традиција и култура.



18.05.2023 – Беше одбележан 18 ти мај - Меѓународен ден на музеите со културна програма и изложба на ликовниот уметник Горан Боев како и музички перформанс на ООМБУ Лазо Мицев Рале од Кавадарци . Целта е на овој ден да се подигне свеста на овие културни институции да се збогати културната понуда во делот на меѓусебното разбирање , соработка меѓу народите.Македонија овој ден го прославува од 1993 година со формирањето на Македонскиот национален комитет МНК на ИКОМ. Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци овој ден го одбележа традиционално трета година по ред.



24.05.2023 – Вински музеј беше домаќин на Првиот Меѓународен фестивал на ракии" Тиквешка Ракијада 23" кој беше во организација на Здружение ЖТА од Кавадарци.





15.06.2023 - Во пресрет на одбележувањето на 80 години од стрелањето на 12-ваташки младинци, во Дом на култура Иван Мазов Климе се одржа промоција на книга Мемоари- Сеќавања. Трудот Мемоари –Сеќавања е посебно издание по повод 80 годишнината од грозоморниот чин на 12- те Ваташки младинци.Оваа книга претставува всушност документ за тоа што се случувало тој кобен ден на 16ти Јуни 1943 во Ваташа,односно еден вид реконструкција на настаните пред и после врз основа на сведоштва на блиски роднини ,другари, сопартијци.Проектот беше поддржан и финансиран од Градоначалник и Совет на Општина Кавадарци.







16.06.2023 - Одбележување на 80 години од стрелањето на 12-те Ваташки младинци. Беше отворена спомен соба во нивна чест, откриени 12 бисти и пригодна културно уметничка програма









15.06.2023 и **16.06.2023** - Во рамките на манифестацијата Кавадаречко културно лето се одржа дегустирање на храна и пијалоци од тиквешкото поднебје под мотото „Гурмански викенд" во организација на Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци .Проектот е дел од програмата за работа на Вински музеј –Кавадарци за 2023 и истиот е подржан од Градоначалник и Совет на Општина Кавадарци .Целта на овој проект е да се задржи долгата традиција на традиционалната храна и доброто Тиквешко вино. Музејот кој е единствен од таков вид во Р. Македонија има за цел освен да го промовира богатото културно наследство во делот на винарството и лозарството, да го промовира и Винскиот туризам во нашиот регион.







22.07.2023 и **23.07.2023** - Во рамките на Кавадаречко Културно Лето 2023 Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци во соработка со Здружението Роднокрајци реализира настан " Мини Ликовна Колонија" на која сликаа деца доброволци од сите возрасти . Нивните Ликовни дела беа изложени на Градскиот плоштад а самата изложба беше од продажен карактер. Собраните средства беа допирани во Хуманитарни цели а на сите учецници им беа доделени Благодарници од страна на Вински Музеј и Здружението Роднокрајци.







07.09.2023 – 3 Години Вински музеј

По повод Манифестацијата " Тиквешки Гроздобер", Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци се вклучи во одбележувањето на овој празник а воедно го прослави и својот скромен јубилеј од 3 години постење.

Настанот беше одбележан со хуманитарна изложба и Перформанс на Традиционални свадбени обичаи кои музејот ги реализираше како соработка со Здружението Роднокрајци и НВО Нова Цивиста од Кавадарци.



09.09.2023

Градоначалникот Митко Јанчев по повод Тиквешки Гроздобер 2023 во дворот на Вински музеј Кавадарци имаше прием на гости и делегации во пријатна атмосфера , добра музика и вкусна храна






23.09.2023

Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци беше домаќин на потпишувањето на Меморандум за соработка помеѓу Здружението Свети Трифун од Скопје и Општина Кавадарци.Меморандумот за соработка го потпишаа д-р Стојанче Рамов претседател на Совет на Општина Кавадарци и прседателот на здружението Свети Трифун г-дин Сашко Поп Ангелов.На настанот беше промовиран и видео материјал на Здружението , како и повеќе активности во делот на промоција на винскиот туризам помеѓу музејот и здружението.




26.11.2023

По повод месец на младо вино - Кавадарци организираше Научна Трибина на тема " Како до подобро и поквалитетно вино" во соработка со Здружението Ж'ТА.Настанот беше биде збогатен со дегустација на вина и ракија и Музички хепенинг а Музејот со оваа дебата ја потврдува заложбата со докажани експерти да едуцира и промовира проекти и во научно истражувачката дејност.





07.12.2023

Вински Музеј - Кавадарци беше домаќин на дваесетина реномирани интернационални вински судии.Посетата беше реализирана во склоп на првиот меѓународен вински натпревар во нашата земја Vranec Selection by Concours Mondial de Bruxelles посветен на сортата вранец, организиран од страна на здружението Wines of Macedonia .



09.12.2023

Во просториите на Вински Музеј беше промовирана Книгата ПОКРОВ од Валентина Куковска Младенова .Промотор на збирката Тихомир Јанчовски.





21.12.2023 и 22.12.2023

На Градскиот Плоштад –Кавадарци се одржа Новогодишна детска работилница во соработка со Општина Кавадарци, здружението Роднокрајци и сите основни општински училишта. Околу 90 ученици со помош од професорите и преставници од Роднокрајци, изработија ликовни дела кои утредента на 22.12 беа изложени во хуманитарната продажба.









23.12.2023

Се одржа предновогодишен Виниски Базар во дворот на Виниски Музеј - Кавадарци во организација на Здружение Винотек и Виниски Музеј кој беше проследен со дегустацијана на вина од повеќе мали семејни винарии ,традиционални производи од грозје и музички перформанс. Настанот се организира со цел да се промовираат винскиот туризам во регионот и винската култура а се одржува веќе трѐта година по ред.









Во текот на 2023 година поточно во месец Мај започна со работа Винотеката за која претходно се завршија сите административни процедури, со што дејноста на Музејот се прошири во делот на промоцијата на Винскиот Туризам со следните активности:

-Промовирање на винскиот туризам како еден од приоритетите на Виниски Музеј но секако и на другите природни убавини на Општината и регионот.

Евиденцијаи план со програма за привлекува ње на туристи .

Освен продажба на вино и вински производи, во самата Винотека посетителите имаа можност да се запознаат и со Винската култура, традиција, историја, како и географското потекло .

Во самата Винотека се организираа и дегустации , промоции изложби со цел промоција на Винарството и Лозарството во Тиквешкиот Регион.

Исто така во 2023 започна со активности и Туристичко-информативното биро кое претходно со одлука на Совет му беше дадено на трајно користење на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци.

Изминатата година Туристичко-информативното биро реализираше низа активности во делот на запознавање на посетителите во нашиот град со информации околу информативни содржини во делот на културниот туризам , манифестации, сместувачки капацитети . Редовно преку социјалните мрежи и веб страната на Музејот се споделуваа информации за сите културни манифестции кои се реализираа во нашата Општина од сите културни институции.

Исто така Туристичко-информативното бира зема активно учество во реализација на сите културни манифестаци кои се организираа од Вински Музеј како и од страна на Општината (Кавадаречко културно лето, Гурмански Викенд, Нова Година)

ПРИХОДИ

ДОТАЦИИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ	**4.300.000,00**
Останати Приходи	**75.204,00**
ВКУПНО ПРИХОДИ	**4.375.204,00**

ПРИХОДИ

Табела 1

Табела 1 ја прикажува Приходната страна и тоа во делот на Субвенции од страна на основачот Општина Кавадарци во износ од 4.300.000,00 ден, како и сопствените приходи во износ од 75.204,00 сопствени приходи.

Табела 2

РАСХОДИ	Од 01.01.2023-31.12.2023
Плати и надоместоци – бруто износ	**1.606.494,00**
Комунални услуги , греење, комуникација транспорт	**332.713,00**
Ситен инвентар, алат, и др материјали за поправка	**167.476,00**
Договорни услуги	**543.911,00**
Привремени вработувања	**836.293,00**
Други тековни расходи	**303.961,00**
Субвенции и трансфери кон ДООЕЛ ВИНОТЕКА	**396.975,00**
Купување на опрема и машини	**67.540,00**
Нето вишок на приходи добивка по одаочување (пренесена добивка)	**119.841,00**
ВКУПНО	**4.375.204,00**

Табела 2 ја прикажува расходната страна во делот на Плати и надоместоци заедно со останати придонеси од плати во износ од 1.606.494,00 денари, Комунални услуги греење, комуникација и транспорт во износ од 332.713,00, Ситен инвентар , алат и др материјали за поправка во износ од 167.476,00 , Договорни услуги во износ од 543.911,00, Привремени вработувања во износ од 836.293,00, Други тековни расходи во износ од 303.961,00, Субвенции и трансфери кон ДООЕЛ Винотека во износ од 396.975,00 , Купување на опрема и машини во износ од 67.540,00, Нето вишок на приходи добивка по одаочување во износ од 119.841,00

Кавадарци

27.02.2024

Директор

Весела Честоева